МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

МЦМС
25 ГОДИНИ

# РЕФЕРЕНДУМ 2018



**РЕФЕРЕНДУМ 2018**

**Издавач**
Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС)

**Агенција за истражување на јавното мислење**
М-проспект

**За издавачите**
Александар Кржаловски, прв извршен директор на МЦМС
Гонце Јаковлеска, извршен директор на МЦМС

**Истражувач/автор**
Александар Кржаловски

**Лектура**
Даниел Медароски

ISBN 978-608-4848-09-7

Август 2018 г.

**Контакт**
**МЦМС** - адреса: ул. „Никола Парапунов“ бр. 41а; пошт. фах 55, 1060 Скопје;
Тел. +389/2/3065-381; Факс: +389/2/3065-298; е-пошта: mcms@mcms.mk;
Веб-страница: www.mcms.mk
Scribd: http://www.scribd.com/people/documents/2996697
SlideShare http://www.slideshare.net/mcms_mk
Facebook: http://www.facebook.com/mcms.mk
Twitter: http://twitter.com/mcms_mk

**М-Проспект** – адреса: ул. „Никола Парапунов“ бр. 41, 1000 Скопје;
Тел. +389/2/ 3075-366; е-пошта: contact@m-prospect.com
Веб-страница: http://www.m-prospect.com
Facebook: https://www.facebook.com/MProspect

Мислењата што се изразени овде му припаѓаат на авторот и не ги одразуваат ставовите на МЦМС.

**МЦМС**
Сите права се задржани, репродуцирањето, копирањето, трансмисијата или преводот на кој било дел од оваа публикација може да се изврши единствено под следните услови: со претходна дозвола на издавачите, заради цитирање во анализа на книгата и под услови изложени во продолжение.
Авторското право на оваа публикација е заштитено, но публикацијата може да се репродуцира на кој било начин и без наплата за едукативни намени. За копирањето во други услови, за употреба во други публикации или пак за превод или адаптација, треба да се обезбеди претходна дозвола од издавачите.

# РЕФЕРЕНДУМ 2018

**- Ставови на јавноста во Македонија -**

## СОДРЖИНА


СОДРЖИНА ..... 3

ЛИСТА НА КРАТЕНКИ ..... 4

ПРЕДГОВОР ..... 5

1. ВОВЕД ..... 6
2. ЗАПОЗНАЕНОСТ СО ДОГОВОРОТ ..... 7
3. СОГЛАСНОСТ СО КЛУЧНИТЕ ОДРЕДБИ ОД ДОГОВОРОТ ..... 10
4. СТАВОВИ ЗА РЕФЕРЕНДУМОТ ..... 12

ЗАКЛУЧОЦИ ..... 18

ПРИЛОГ 1. ПРАШАЛНИК ..... 19

ПРИЛОГ 2. СТРУКТУРА НА ПРИМЕРОКОТ - НАСЕЛЕНИЕ ..... 22

ПРОФИЛ НА ИЗДАВАЧОТ ..... 23

БЕЛЕШКА ЗА АВТОРОТ ..... 23

ПРОДОЛЖИ СО ЧИТАЊЕ ..... 23

# ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| ВМРО-ДПМНЕ | ВМРО - Демократска партија за македонско национално единство |
| ЕК / ЕУ | Европска комисија / Европска Унија |
| ДЗС | Државен завод за статистика |
| ДУИ | Демократска унија за интеграција |
| МЦМС | Македонски центар за меѓународна соработка |
| ООН | Организацијата на Обединетите нации |
| НАТО | Северноатлантска алијанса |
| САД | Соединети Американски Држави |
| СДСМ | Социјалдемократски сојуз на Македонија |

| | |
|---|---|
| БО | без одговор |
| НЗ | не знам |

# ПРЕДГОВОР

Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) е граѓанска организација, посветена на демократскиот развој на Македонија и на европските политики и интеграции.

МЦМС во континуитет го поддржува правото на самоидентификација на Република Македонија.

Во 2004 г. заедно со други организации ја организира и учествуваше во кампањата „Кажи Македонија“ (Не ме Фиромирај). Во 2008 г. со заедничка изјава „И Македонија и НАТО“, МЦМС заедно со неколку организации повторно се произнесе сметајќи дека името е право на самоидентификација.

По непоканувањето за членство во НАТО во 2008 г., како и по застојот во ЕУ-интеграциите од 2009 г., спорот за името Македонија станува главна пречка во евроатлантските интеграции на Македонија.

Во 2010 г. МЦМС за првпат спроведе истражување на јавното мислење во Македонија за спорот за името Македонија. Во 2011 и во 2013 година МЦМС и ИДСЦС, водени од застојот на евроатлантските интеграции на Македонија и потребата за политики засновани на факти, спроведоа нови истражување за спорот за името Македонија, а последното од тој вид го спроведоа во април 2018 година.

Со оглед на постигнувањето на Договорот (конечна спогодба) со Грција во јуни оваа година, како и очекуваниот референдум наесен, МЦМС одлучи да го испита јавното мислење за самиот договор и за претстојниот референдум. Наодите се дадени во овој извештај.

Истражувањето треба да придонесе кон поширока и поинформирана јавна дебата за спорот за името, во која ќе бидат вклучени сите релевантни чинители.

За МЦМС
Александар Кржаловски, прв извршен директор

# 1. ВОВЕД

Во овој извештај „Референдум 2018“ презентирани се и анализирани ставовите на јавноста во Македонија во однос на претстојниот референдум за постигнатиот договор со Грција за спорот околу името на државата, добиени преку испитувањето на јавното мислење кое за МЦМС го спроведе агенцијата М-проспект во јули 2018 година.

Извештајот е составен од вовед, вклучувајќи и методологија, наоди во однос на запонаеноста со самиот договор, потоа за ставовите за некои од клучните одредби, како и во однос на самиот референдум, а завршува со заклучоци.

## 1.1. Методологија и пристап

За МЦМС, анкетата ја спроведе М-проспект. Податоците беа прибирани телефонски (CATI) во периодот од 24 јули до 01 август 2018 година. Анкетата е спроведена на повеќеслоен стратификуван примерок од 1.026 испитаници постари од 18 години, репрезентативен според пол, возраст, етничка припадност и место на живеење, а дизајниран според периодичната процена на Државниот завод за статистика од 2017 година. Користен е случаен избор на испитаници, со случајно бирање броеви и со методот на „нареден роденден“. Сите резултати се подложни на статистичка грешка од 3,1% со прифатливо ниво на доверба од 95%.

## 1.2. Обработка и прикажување на резултатите

Собраните податоци се обработени со честота и пропорција на одговорите. Резултатите се прикажани во графикони на ниво на целиот примерок. Освен со графикони, дел од податоците се прикажани и во табели со бројки.

Заради задржување поголема репрезентативност во однос на етничката припадност, не е направено вообичаеното пондерирање (воедначување) во однос на резултатите на последните парламентарни избори (декември 2016 година).

Во извештајот незначително малцинство се употребува за одговори помалку од 10% од примерокот, мало малцинство за 11% до 30%, малцинство за 30% до 50%, мнозинство за 51% до 70% и големо мнозинство за повеќе од 70%.

Во извештајот не се коментирани социодемографските анализи за помалобројните етнички заедници и политичките партии со помалку симпатизери поради нивното мало учество во националниот примерок.

Во табелите и графиконите, со термините етнички Македонци, етнички Албанци итн. е означена етничката припадност на испитаниците. Со имињата на политичките партии се означени граѓаните симпатизери (не членови или гласачи) на соодветната политичка партија.

При обработката се земени предвид и резултатите за „не знам“ и „без одговор“. Но, во одредени табели и графикони не се прикажани овие резултати, поради што збирот на сите одговори не е 100 %. Тоа е направено за потребите за поедноставно прикажување на резултатите.

## 1.3. Ограничувања на истражувањето

Примерокот за истражувањето е стандарден, но се базира на податоци од пописот од 2002 година, кои можеби се застарени и не ја одразуваат целосно реалната ситуација на теренот, иако се модифицирани според периодичната проценка на ДЗС од 2017 година.

Дополнително, анкетирањето е правено само на територијата на Република Македонија и не ги вклучува граѓаните кои имаат право на глас, но живеат или во периодот на анкетирањето престојувале во странство. И заради тоа, застапноста на другите етничките заедници вон македонската во примерокот е помал во однос на пописот од 2002 година. Ова може да резултира и во делумно потценети (помали) вредности за тие етнички заедници.

Конечно, последните два дена од анкетата, веќе беше познато референдумското прашање, што можеби влијаеше на дел од одговорите на тоа и поврзаните прашања.

## 2. ЗАПОЗНАЕНОСТ СО ДОГОВОРОТ

Во одговорот на првото прашање, колку се запознаени со Договорот со Грција, големо мнозинство граѓани (84,2%) изјавуваат дека се запознаени.

**Графикон 1 – Дали сте запознаени со постигнатиот договор за решавање на спорот за името помеѓу Република Македонија и Република Грција?**




**Табела 1 – Дали сте запознаени со постигнатиот договор за решавање на спорот за името помеѓу Република Македонија и Република Грција?** (приказ според етничката припадност и симпатизерството на политички партии)

| Став (%) | Ет. Мак. | Ет. Алб. | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Да | 82,7 | 89,8 | 83,8 | 90,0 | 88,9 | **84,2** |
| Не | 17,2 | 9,3 | 15,8 | 10,0 | 7,9 | **15,5** |
| Одбива да одговори | 0,1 | 0,9 | 0,4 | 0,0 | 3,2 | **0,3** |
| **Вкупно** | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | **100,0** |

Во однос на етничката и партиската припадност, интересно е дека нешто помалку запознаени со договорот се етничките Македонци симпатизери на ВМРО-ДПМНЕ.

Сепак, иако над 84% од испитаниците изјавуваат дека се запознаени со Договорот, степенот на запознаеност со неговите одредби варира од нешто помалку од 20% кои сметаат дека се целосно запознаени, до 28% кои се само делумно или воопшто не се запознаени со Договорот. Тоа е прикажано во следниот графикон.

**Графикон 2 – На скала од 1 до 5, колку би рекле дека сте запознаени со Договорот за решавање на спорот за името помеѓу Република Македонија и Република Грција?**




Значи, иако на прв поглед (од првото прашање) се чинеше дека има висока запознаеност со договорот, ова прашање покажува дека таа не е доволна и дека има голем простор за понатамошно информирање на граѓаните и објаснување повеќе детали за одредбите од договорот.

Дополнително, на следното прашање - од каде се информирале за договорот, за големо мнозинство (73%) тоа се медиумите, потоа социјалните мрежи (14%), а 6% од пријатели. Ова покажува дека информациите се главно „од втора рака“, односно од индиректни извори, во кои можеби (или веројатно) се веќе вклучени и дополнителни податоци и/или и мислење за одредени одредби од договорот или дговорот во целина.

**Графикон 3 – Од каде ги добивате потребните информации за Договорот?**




За одбележување е дека само 3% изјавиле дека се запознале од самиот договорот – односно само 32 од над 1.000-те испитаници всушност и го прочитале Договорот со Грција.

**Графикон 4 - Според она што го знаете за овој договор, како ќе биде националноста на граѓаните на Република Македонија?**




Во функција на проверка на запознаеноста со Договорот, беше поставено и едно контролно прашање – да се одговори точно какво е решението во самиот Договор во однос на националноста (државјанството), од неколку понудени можни одговори.

Како што се гледа од графиконот погоре, на контролното прашање – испитаниците да посочат како во Договорот е дефинирана националноста (државјанството), само 17,3% го навеле точниот одговор: Македонци/граѓани на Северна Македонија.

**Табела 2 – Според она што го знаете за овој договор, каква ќе биде националноста на граѓаните на Република Македонија?** (според етничката припадност и симпатизерството на политички партии)

| % | Ет. Мак. | Ет. Алб. | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Северномакедонци | 10,5 | 8,4 | 14,2 | 8,4 | 12,7 | **10,3** |
| Македонци/Macedonians | 22,4 | 6,7 | 24,3 | 21,8 | 6,3 | **18,9** |
| Македонци/Граѓани на Северна Македонија | 18,9 | 12,9 | 15,4 | 30,1 | 12,7 | **17,3** |
| Граѓани на Северна Македонија | 23,3 | 36,0 | 24,7 | 26,4 | 42,9 | **26,4** |
| Друго.... | 1,4 | 0,0 | 1,2 | 0,0 | 0,0 | **1,1** |
| Не знам | 22,1 | 33,3 | 18,6 | 13,4 | 23,8 | **24,4** |
| Одбива да одговори | 1,3 | 2,7 | 1,6 | 0,0 | 1,6 | **1,6** |
| Вкупно | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | **100,0** |

# 3. СОГЛАСНОСТ СО КЛУЧНИТЕ ОДРЕДБИ ОД ДОГОВОРОТ

Поголем дел од испитаниците не се согласуваат (делумно или целосно) со неколку од клучните одредби на Договорот. Во графиконот подолу се дадени збирните резултати на поединечните прашања за секоја од тие клучни одредби.

**Графикон 5 – Степен на согласност со клучните одредби од Договорот:**




Против промената на името во Република Северна Македонија се 53,6% (кумулативно ставовите „целосно не се согласувам“ и „делумно не се согласувам“), наспроти 42,3% кои се согласуваат со промената (исто така кумулативен збир на двете други опции).

Слично е и со дефиницијата за државјанстовото (nationality) каде не се согласуваат 56,2%, а се согласуваат 38,3%, а и за повеќето други одредби, како: сфаќањето/толкувањето на употребата на терминот „Македонија“ и „македонски“; промената на називите на државните/јавните институции и установи согласно со промената на името на државата; или промената на регистарските таблички.

Најголемо е несогласувањето со опсегот на употребата (ерга омнес) со 57,1% (наспроти 35,5% кои се согласуваат) и за промената на Уставот (58,9% наспроти 35,1%).

Од друга страна, големо мнозинство (74,2%) даваат поддршка за решението за македонскиот јазик (наспроти 20,6%), како и со задржувањето на кодовите МК и МКД (83,9%).

Од овие резултати може да се согледа дека има мнозинско незадоволство од поединечните клучни одредби од Договорот (за 7 од вкупно 9 за кои граѓаните се прашани во оваа анкета). Тоа можеби или веројатно се должи на релативната тајност на преговорите и малата или никаква циркулација во јавноста дека и за дел од овие работи се преговара. На ова укажува и податокот дека од сите 7 ставки каде несогласувањето е мнозинско, најмало несогласување има за промената на името (зашто беше најекспонирано прашање во преговорите), иако би се очекувало несогласувањето за тоа да е најголемо.

Сепак, несогласувањето се движи меѓу 50% и 60%, што укажува дека со понатамошно информирање и објаснување на овие одредби, можеби ќе се стигне и до мнозинско согласување/поддршка за дел од овие одредби или за сите нив. Ова особено е така ако се има предвид и првиот дел од овој извештај, дека во во овие одговори влегуваат и оние лица кои само делумно или воопшто не се запознаени со договорот.

**Графикон 6 - Колку се согласувате со Договорот за решавање на спорот за името помеѓу Република Македонија и Република Грција во целост?**




И покрај поголемото незадоволство од поединечните клучни одредби (7 наспроти 2 за кои има мнозинска поддршка), кога граѓаните се прашани за согласност со Договорот во целина, вкупната поддршка/согласност е поголема од - точно 49,1% искажале согласност (кумулативно од целосна - 34,3% или делумна - 14,8% согласност), додека несогласување изразиле 46,8% од испитаниците.

Од друга страна, треба да се има предвид дека сепак најистакнат став (41,8%) е „воопшто не се согласувам", што укажува на посилно спротивставување на Договорот и со тоа помал простор за „убедување" на тие граѓани да го прифатат на референдумот.

**Табела 3 - Колку се согласувате со Договорот за решавање на спорот за името помеѓу Република Македонија и Република Грција во целост?** (според етничката припадност и симпатизерството на политички партии)

| Став (%) | Ет. Мак. | Ет. Алб. | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Целосно се согласувам | 24,4 | 64,0 | 6,9 | 64,4 | 73,0 | **34,3** |
| Донекаде се согласувам | 11,9 | 24,9 | 9,3 | 17,6 | 15,9 | **14,8** |
| Донекаде не се согласувам | 5,8 | 1,8 | 4,0 | 2,5 | 1,6 | **5,0** |
| Воопшто не се согласувам | 54,7 | 2,2 | 78,5 | 15,1 | 0,0 | **41,8** |
| Не знам/одбива да одговори | 3,3 | 7,1 | 1,2 | 0,4 | 9,5 | **4,1** |
| Вкупно | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | **100,0** |

„Отпорот", односно несогласувањето со Договорот, во поголема мера (мнозински) е кај етничките Македонци (54,7% воопшто не се согласуваат), а очекувано тоа се главно симпатизери на партијата ВМРО-ДПМНЕ (78,5%), но има 15,1% и симпатизери на СДСМ кои воопшто не се согласуваат со договорот во целина.

# 4. СТАВОВИ ЗА РЕФЕРЕНДУМОТ

Според очекувањата, големо мнозинство од 73% од испитаниците сметаат дека треба да има референдум за Договорот со Грција. За потсетување и појаснување, анкетата е започната и во најголем дел спроведена пред да се одлучи во Собранието дека ќе има референдум.

**Графикон 7 – Дали според Вас е потребно граѓаните да се изјаснат на референдум во однос на прифаќањето на овој договор?**




**Табела 4 - Дали според Вас е потребно граѓаните да се изјаснат на референдум во однос на прифаќањето на овој договор?** (приказ според етничката припадност и симпатизерството на политички партии)

| Став (%) | Ет. Мак. | Ет. Алб. | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Да | 67,8 | 89,8 | 61,9 | 86,6 | 90,5 | **73,1** |
| Не | 26,1 | 3,6 | 33,2 | 10,9 | 1,6 | **20,9** |
| Не знам/одбива да одговори | 6,2 | 6,7 | 4,9 | 2,5 | 7,9 | **6,0** |
| Вкупно | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | **100,0** |

Вкупно 67,8% од етничките Македонци сметаат дека е потребно граѓаните да се изјаснат на референдум, додека овој процент е повисок кај етничките Албанци (89,8%). Симпатизерите на политичката партија ДУИ со 90,5% сметаат дека граѓаните треба да имаат шанса да бидат прашани на референдум за прифаќање на овој договор.

Мнозинство од испитаниците (58%) сметаат дека референдумот треба да има обврзувачки карактер, наспроти она што беше одлучено во Собранието – да е консултативен.

**Графикон 8 – Според Вас, каков треба да биде овој референдум?**



**Табела 5 - Според Вас, каков треба да биде овој референдум?** (приказ според етничката припадност и симпатизерството на политички партии)

| Став (%) | Ет. Мак. | Ет. Алб. | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Обврзувачки – Собранието ќе мора да постапи согласно резултатот од референдумот | 54,7 | 67,1 | 56,7 | 64,0 | 65,1 | **58,0** |
| Консултативен – Собранието не мора да постапи согласно резултатот од референдумот | 18,0 | 9,8 | 17,4 | 18,4 | 9,5 | **15,9** |
| Не знам | 21,9 | 20,9 | 20,2 | 16,7 | 25,4 | **21,4** |
| Одбива да одговори | 5,5 | 2,2 | 5,7 | 0,8 | 0,0 | **4,7** |
| Вкупно | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | **100,0** |

Вкупно 67,1% од етничките Албанци се изјасниле дека овој референдум треба да има обврзувачки карактер, за разлика од етничките Македонци со 54,7%.

Мнозинство од испитаниците (66,4%) изјавува дека ќе излезе да гласа на референдумот, додека 19,8% се веќе определени да се придружат на иницијативите за бојкот на референдумот, додека 11,9% сè уште немаат одлучено.

**Графикон 9 - Доколку се одржи референдум за постигнатиот договор помеѓу Република Македонија и Република Грција, дали ќе:**




Сепак, ова не треба да се земе како индикација за можната реална излезност на граѓаните на денот на референдумот, бидејќи вообичаено на анкетите се искажува поголема подготвеност за излегување на гласање, отколку што тоа потоа се случува и во реалноста.

**Табела 6 – Доколку се одржи референдум за постигнатиот договор помеѓу Република Македонија и Република Грција, дали ќе** (приказ според етничката припадност и симпатизерството на политички партии)**:**

| Став (%) | Ет. Мак. | Ет. Алб. | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Излезете да гласате | 60,3 | 87,1 | 47,8 | 89,5 | 88,9 | **66,4** |
| Го бојкотирате со неизлегување | 24,6 | 2,7 | 38,9 | 3,3 | 0,0 | **19,8** |
| Сè уште немам одлучено | 13,5 | 6,7 | 13,4 | 6,3 | 6,3 | **11,9** |
| Одбива да одговори | 1,6 | 3,6 | 0,0 | 0,8 | 4,8 | **1,9** |
| Вкупно | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | **100,0** |

Видливо е дека кај етничките Македонци има релативно голема група (околу 25%, односно секој четврти испитаник) кои би го бојкотирале референдумот, односно нема да излезат на гласање.

Со оглед на тоа што оваа анкета беше започната пред да се одлучи во Собранието за референдумското прашање, беа претпоставени две можни референдумски прашања – едно кое би содржело „членство во ЕУ и НАТО“, а друго без тие одедници. Подолу се резултатите од двете опции, почнувајќи од таа без „ЕУ и НАТО“.

**Графикон 10 - Како ќе гласате на референдумот на кое ќе биде поставено прашањето „Дали сте за прифаќање на Договорот помеѓу Република Македонија и Република Грција“?**




Во ваков случај (без ЕУ и НАТО во прашањето), вкупно 39,8% од испитаниците се изјасниле дека ќе гласаат „За“прифаќање на договорот помеѓу Република Македонија и Република Грција, додека „Против“ ќе гласаат 35,7% од нив.

**Табела 7 – Како ќе гласате на референдумот на кое ќе биде поставено прашањето „Дали сте за прифаќање на Договорот помеѓу Република Македонија и Република Грција“?** (приказ според етничката припадност и симпатизерството на политички партии)

| Став (%) | Ет. Мак. | Ет. Алб. | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Ќе гласам ЗА | 25,4 | 86,2 | 6,1 | 73,6 | 88,9 | **39,8** |
| Ќе гласам ПРОТИВ | 45,9 | 2,7 | 68,0 | 13,4 | 0,0 | **35,7** |
| Не знам | 10,7 | 8,4 | 5,7 | 6,3 | 11,1 | **10,3** |
| Одбива да одговори | 2,1 | 1,8 | 0,4 | 2,1 | 0,0 | **2,1** |
| Нема да гласам | 15,9 | 0,9 | 19,8 | 4,6 | 0,0 | **12,1** |
| Вкупно | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | **100,0** |

Поголем процент од испитаниците припадници на албанската етничка заедница (86,2%) ќе гласаат „За“ прифаќање на Договорот помеѓу Република Македонија и Република Грција, додека поголем процент од испитаниците кои се припадници на македонската етничка заедница ќе гласаат „Против“ прифаќање на овој договор.

Второто претпоставено референдумско прашање (со одредница за „ЕУ и НАТО“ содржана во прашањето) кое гласи „Дали сте за членство во ЕУ и НАТО со прифаќање на Договорот меѓу Република Македонија и Република Грција?“, суштински се поклопува со актуелното (утврденото во Собранието на 30 јули 2018 г.) кое гласи „Дали сте за членство во Европската Унија и НАТО со прифаќање на договорот меѓу Македонија и Грција?“.

На **референдумското прашање „За“ би гласале 41,5%, а „Против“ - 35,1%**, односно разликата е 6,4 процентни поени.

**Графикон 11 - Како ќе гласате на референдумот на кое ќе биде поставено прашањето „Дали сте за членство во ЕУ и НАТО, со прифаќање на Договорот помеѓу Република Македонија и Република Грција“?**




За разлика од анкетата спроведена во април, сега нема битна разлика во однос на тоа дали во прашањето се споменуваат ЕУ и НАТО или не (во тој случај „За“ се 39,8%, а „Против“ би гласале 35,7%, значи има разлика од 4,1 пп, односно само 2,3 пп од опцијата со ЕУ/НАТО).

**Табела 8 - Како ќе гласате на референдумот на кое ќе биде поставено прашањето „Дали сте за членство во ЕУ и НАТО, со прифаќање на Договорот помеѓу Република Македонија и Република Грција“?** (приказ според етничката припадност и симпатизерството на политички партии)

| Став (%) | Ет. Мак. | Ет. Алб. | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Ќе гласам ЗА | 27,4 | 88,0 | 4,9 | 74,5 | 90,5 | **41,5** |
| Ќе гласам ПРОТИВ | 45,2 | 2,2 | 68,0 | 14,6 | 0,0 | **35,1** |
| Не знам | 9,6 | 6,7 | 6,1 | 5,9 | 9,5 | **9,2** |
| Нема да гласам | 16,1 | 1,3 | 20,6 | 3,3 | 0,0 | **12,4** |
| Одбива да одговори | 1,7 | 1,8 | 0,4 | 1,7 | 0,0 | **1,9** |
| Вкупно | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | **100,0** |

Сепак, помалку етнички Македонци би гласале „За“ (27,4%), отколку „Против“ (45,2%), додека кај етничките Албанци поддршката „За“ е убедлива (88% наспроти само 2,2% „Против“). Повеќето млади би гласале „За“ (49,2%), а со возраста опаѓа поддршката (34,9%). Слична е тенденцијата и во однос на образованието – со битно поголема поддршка „За“ кај тие со повисоко образование. Во однос на партиската припадност, очекувано големо мнозинство од симпатизерите на најголемите две партии се во линија со партискиот став (75% од тие на СДСМ се „За“, а 68% од приврзаниците на ВМРО-ДПМНЕ се „Против“), но поголемо отклонување има кај СДСМ (14,6% ќе гласаат „Против“, додека пак 20,6% од тие на ВМРО-ДПМНЕ нема да излезат на гласање).

Следното прашање беше за проверка дали претпоставеното референдумско прашање е јасно и разбирливо, со оглед на коментарите во јавноста дека се работи за „три (прашања) во едно“, односно се прашува и за членство во ЕУ и во НАТО и за согласување со Договорот.

**Графикон 12 - Премиерот Заев предложи формулација на референдумското прашање, која гласи „Дали сте за членство на Македонија во ЕУ и НАТО, со прифаќање на Договорот со Република Грција“? Колку се согласувате дека ова прашање е јасно и разбирливо?**




За поголемиот дел испитаници, референдумското прашање е јасно и разбирливо, иако е близок и процентот на оние кои сметаат дека не е така, односно дека прашањето не требаше да ги содржи одредниците за ЕУ и НАТО.

**Табела 9 - Премиерот Заев предложи формулација на референдумското прашање, која гласи „Дали сте за членство на Македонија во ЕУ и НАТО, со прифаќање на Договорот со Република Грција“? Колку се согласувате дека ова прашање е јасно и разбирливо?** (приказ според етничката припадност и симпатизерството на политички партии)

| Став (%) | Ет. Мак. | Ет. Алб. | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Целосно се согласувам | 23,9 | 76,9 | 6,9 | 63,6 | 85,7 | **36,3** |
| Донекаде се согласувам | 11,5 | 11,6 | 6,9 | 16,7 | 6,3 | **11,6** |
| Донекаде не се согласувам | 9,4 | 0,9 | 7,7 | 7,1 | 0,0 | **7,6** |
| Воопшто не се согласувам | 48,4 | 2,2 | 72,9 | 10,5 | 0,0 | **37,5** |
| Не знам/одбива да одговори | 6,8 | 8,4 | 5,7 | 2,1 | 7,9 | **7,0** |
| Вкупно | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | **100,0** |

Како и за повеќето претходни прашања, слична е поделбата според етничката и партиската припадност.

На крајот, последните две прашања беа за проверка на поддршката за членство во ЕУ и НАТО, без оглед на исходот од референдумот.

**Графикон 13 - Независно од договорот со Грција и без разлика од исходот на референдумот, дали Вие лично сакате/поддржувате Македонија да стане членка на НАТО?**




**Графикон 14 - Независно од договорот со Грција и без разлика од исходот на референдумот, дали Вие лично сакате/поддржувате Македонија да стане членка на ЕУ?**




Без оглед на исходот на референдумот, недвосмислена е поддршката за членство на Република Македонија во НАТО (79,9%) и во ЕУ (80,4%).

**Табела 11 - Независно од договорот со Грција и без разлика од исходот на референдумот, дали Вие лично сакате/поддржувате Македонија да стане членка на ЕУ?** (приказ според етничката припадност и симпатизерството на политички партии)

| Став (%) | Ет. Мак. | Ет. Алб. | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Да | 76,4 | 93,3 | 67,6 | 93,3 | 95,2 | **80,4** |
| Не | 20,1 | 1,8 | 29,1 | 5,4 | 0,0 | **15,8** |
| Не знам/одбива да одговори | 3,5 | 4,9 | 3,2 | 1,3 | 4,8 | **3,8** |
| Вкупно | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | **100,0** |

Исто така, поддршката е со големо мнозинство (над 75%) кај двете најголеми етнички заедници. Иако кај симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ има околу 29% противници на интеграцијата во ЕУ на Македонија, видливо е дека и кај нив поддршката за членство во ЕУ е неспорна, односно двотретинска (67,6%).

Во таа смисла, нема дилеми дека граѓаните на Република Македонија и натаму даваат огромна поддршка за членството во ЕУ и во НАТО, но дека поддршката на Договорот со Грција не е пресликана во истоветни пропорции, туку е доста помала.

# ЗАКЛУЧОЦИ

## Мала информираност за Договорот со Грција.

Иако 84% од испитаниците изјавуваат дека се запознаени со Договорот, степенот на запознаеност со неговите одредби варира од нешто помалку од 20% кои сметаат дека се целосно запознаени, до 28% кои се само делумно или воопшто не се запознаени со Договорот.

На прашањето од каде се информирале за договорот, за големо мнозинство (73%) тоа се медиумите, потоа социјалните мрежи (14%), а 6% од пријатели. За одбележување е дека само 3% изјавиле дека се запознале од самиот договорот – односно само 32 од испитаниците го прочитале Договорот со Грција.

На контролното прашање – испитаниците да посочат како во Договорот е дефинирана националноста (државјанството), само 17% го навеле точниот одговор.

## Малцинска поддршка за повеќето од клучните одредби во Договорот, мнозинска само за јазикот и кодовите.

Поголем дел од испитаниците не се согласуваат (делумно или целосно) со неколку од клучните одредби на Договорот. Против промената на името во Република Северна Македонија се 53,6% (наспроти 42,3% кои се согласуваат со промената). Слично е и со дефиницијата за државјанстовото (nationality) каде не се согласуваат 56,2%, а се согласуваат 38,3%. Најголемо е несогласувањето со опсегот на употребата (ерга омнес) со 57,1% (наспроти 35,5% кои се согласуваат) и за промената на Уставот (58,9% наспроти 35,1%).

Од друга страна, големо мнозинство (74,2%) даваат поддршка за решението за македонскиот јазик (наспроти 20,6%), како и со задржувањето на кодовите МК и МКД (83,9%).

Сепак, и покрај поголемото незадоволство од поединечните клучни одредби (7 наспроти 2 за кои има мнозинска поддршка), на прашањето за согласување со договорот во целост, точно 49,1% искажале целосно (34,3%) или делумно (14,8%) согласување, додека несогласување изразиле 46,8% од испитаниците.

## Мнозинска поддршка за референдумското прашање.

Според очекувањата, големо мнозинство од 73% од испитаниците сметаат дека треба да има референдум за Договорот со Грција, а мнозинство (58%) очекувале тој да биде обрзувачки, а не консултативен (16%).

На претпоставеното референдумско прашање, кое се поклопува со актуелното, **„За“ би гласале 41,5%, а „Против“ - 35,1%**, односно разликата е 6,4 процентни поени. Сепак, помалку етнички Македонци би гласале „За“ (27,4%), отколку „Против“ (45,2%), додека кај етничките Албанци поддршката „За“ е убедлива (88% наспроти само 2,2% „Против“). Повеќето млади би гласале „За“ (49,2%), а со возраста опаѓа поддршката (34,9%). Слична е тенденцијата и во однос на образованието – со битно поголема поддршка „За“ кај тие со повисоко образование. Во однос на партиската припадност, очекувано големо мнозинство од симпатизерите на најголемите две партии се во линија со партискиот став (75% од тие на СДСМ се „За“, а 68% од приврзаниците на ВМРО-ДПМНЕ се „Против“), но поголемо отклонување има кај СДСМ (14,6% ќе гласаат „Против“, наспроти само 4,7% од тие на ВМРО-ДПМНЕ кои ќе гласаат „За“). Дополнително, 20,6% од симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ нема да излезат на гласање.

За разлика од анкетата спроведена во април, сега нема битна разлика во однос на тоа дали во прашањето се споменуваат ЕУ и НАТО или не (во тој случај „За“ се 39,8%, а „Против“ би гласале 35,7%, значи има разлика од 4,1 пп, односно само 2,3 пп од опцијата со ЕУ/НАТО).

За повеќето испитаници, референдумското прашање е јасно и разбирливо (47,9% наспроти 45,1% кои сметаат дека не е доволно јасно).

Мнозинство од нив (66,4%) изјавува дека ќе излезе да гласа на референдумот, додека 19,8% се веќе определени да се придружат на иницијативите за бојкот на референдумот, додека 11,9% сè уште немаат одлучено.

Без оглед на исходот на референдумот, недвосмислена е поддршката за членство на Република Македонија во ЕУ (80,4%) и во НАТО (79,9%).

# ПРИЛОГ 1. ПРАШАЛНИК

**Q1.** Дали сте запознаени со постигнатиот договор за решавање на спорот за името помеѓу Република Македонија и Република Грција?

1. Да
2. Не
3. Одбива да одговори

**Q2.** На скала од 1 до 5, колку би рекле дека сте запознаени со Договорот за решавање на спорот за името помеѓу Република Македонија и Република Грција? (каде 1 значи воопшто не сме запознаени, додека 5 значи во целост сме запознаени).

**Q3.** Од каде ги добивте потребните информации за Договорот?

1. Од разговор со роднини/пријатели
2. Од медиумите
3. Од социјалните мрежи
4. Од самиот договор (прочитан договор)
5. Друго (НЕ СЕ ЧИТА)
6. Не знам/одбива да одговори (НЕ СЕ ЧИТА)

**Q4.** Според она што го знаете за овој договор, како ќе биде дефинирана националноста на граѓаните на Македонија?

1. Северномакедонци
2. Македонци/Macedonians
3. Македонци/Граѓани на Северна Македонија
4. Граѓани на Северна Македонија
5. Друго (НЕ СЕ ЧИТА)
6. Не знам (НЕ СЕ ЧИТА)
7. Одбива да одговори (НЕ СЕ ЧИТА)

**Колку се согласувате со следните изјави (Q5 – Q14):**

1. Целосно се согласувам
2. Донекаде се согласувам
3. Донекаде не се согласувам
4. Воопшто не се согласувам
5. Не знам/одбива да одговори (НЕ СЕ ЧИТА)

**Q5.** Со ставката во Договорот која предвидува промена на името на Република Македонија во Република Северна Македонија, скратено Северна Македонија?

**Q6.** Со ставката во Договорот која предвидува оваа промена да биде ерга омнес (име кое ќе се користи во сите ситуации и од страна на сите, вклучувајќи и внатрешна употреба)?

**Q7.** Со ставката во Договорот која предвидува промена на Уставот на Република Македонија?

**Q8.** Со ставката во Договорот која предвидува националноста на граѓаните да биде Македонци/граѓани на Република Северна Македонија?

**Q9.** Со ставката во Договорот која предвидува официјалниот јазик да биде македонски јазик?

**Q10.** Со ставката во Договорот која предвидува ознаките на регистарските таблички да бидат НМ или НМК?

**Q11.** Со ставката во Договорот која предвидува за сите други намени, кодот на земјата да остане МК и МКД, како што е официјално определено од Меѓународната организација на стандардизација (ИСО)?

**Q12.** Со ставката во Договорот која предвидува државата, официјалните тела и јавните институции да го сменат својот назив согласно новото име?

**Q13.** Со ставката во Договорот која го дефинира сфаќањето на термините „Македонија“ и „македонски“ различно за двете страни – за Република Грција значењето ја опфаќа и античката хеленска цивилизација и историја, додека за Република Македонија значењето го опфаќа словенското потекло на народот?

**Q14.** Со Договорот за решавање на спорот за името помеѓу Република Македонија и Република Грција **во целост**?

**Q15.** Дали според Вас е потребно граѓаните да се изјаснат на референдум во однос на прифаќање на овој договор?

1. Да
2. Не
3. Не знам/одбива да одговори (НЕ СЕ ЧИТА)

**Q16.** Според Вас, каков треба да биде овој референдум?

1. Обврзувачки – Собранието ќе мора да постапи согласно резултатот од референдумот
2. Консултативен – Собранието не мора да постапи согласно резултатот од референдумот
3. Не знам (НЕ СЕ ЧИТА)
4. Одбива да одговори (НЕ СЕ ЧИТА)

**Q17.** Доколку се одржи референдум за постигнатиот договор помеѓу Република Македонија и Република Грција, дали ќе:

1. Излезете да гласате
2. Го бојкотирате со неизлегување
3. Сѐ уште немам одлучено (НЕ СЕ ЧИТА)
4. Одбива да одговори (НЕ СЕ ЧИТА)

**Q18.** Како ќе гласате на референдум на кое ќе биде поставено прашањето „Дали сте за прифаќање на Договорот помеѓу Република Македонија и Република Грција“?

1. Ќе гласам ЗА
2. Ќе гласам ПРОТИВ
3. Не знам (НЕ СЕ ЧИТА)
4. Одбива да одговори (НЕ СЕ ЧИТА)

**Q19.** Како ќе гласате на референдум на кое ќе биде поставено прашањето „Дали сте за членство во ЕУ и НАТО, со прифаќање на Договорот помеѓу Република Македонија и Република Грција“?

1. Ќе гласам ЗА
2. Ќе гласам ПРОТИВ
3. Не знам (НЕ СЕ ЧИТА)
4. Одбива да одговори (НЕ СЕ ЧИТА)

**Q20.** Премиерот Заев предложи формулација на референдумското прашање, која гласи „Дали сте за членство на Македонија во ЕУ и НАТО, со прифаќање на Договорот со Република Грција“?

Колку се согласувате дека ова прашање е јасно и разбирливо?

1. Целосно се согласувам
2. Донекаде се согласувам
3. Донекаде не се согласувам
4. Воопшто не се согласувам
5. Не знам/одбива да одговори (НЕ СЕ ЧИТА)

**Q21.** Независно од договорот со Грција и без разлика од исходот на референдумот, дали Вие лично сакате/поддржувате Македонија да стане членка на НАТО?

1. Да
2. Не
3. Не знам/одбива да одговори

**Q22.** Независно од договорот со Грција и без разлика од исходот на референдумот, дали Вие лично сакате/поддржувате Македонија да стане членка на ЕУ?

4. Да
5. Не
6. Не знам/одбива да одговори

# ПРИЛОГ 2. СТРУКТУРА НА ПРИМЕРОКОТ - НАСЕЛЕНИЕ

Примерокот за теренската анкета опфати 1.018 испитаници. Популациската рамка на примерокот беше население постаро од 18 години, а критериумите за репрезентативноста беа: пол, возраст, етничка припадност, место на живеење и региони.

| Пол | % |
|---|---|
| Маж | 50,4 |
| Жена | 49,6 |
| Возраст | % |
| Од 18 до 29 години | 19,2 |
| Од 30 до 39 години | 18,5 |
| Од 40 до 49 години | 20,7 |
| Од 50 до 64 години | 22,9 |
| Над 65 години | 18,7 |
| Етничка припадност | % |
| Македонска | 74,4 |
| Албанска | 21,9 |
| Турска | 0,8 |
| Ромска | 1 |
| Српска | 0,4 |
| Влашка | 0,4 |
| Бошњачка | 0,5 |
| Друго | 0,6 |
| Образование | % |
| Основно или помалку | 13,2 |
| Средно | 59,1 |
| Вишо/високо | 27,6 |
| Место на живеење | % |
| Урбано | 61,6 |
| Рурално | 38,4 |

| Работен статус | % |
|---|---|
| Вработен во јавна институција | 14,5 |
| Вработен во приватна институција | 38,6 |
| Невработен | 17 |
| Самовработен | 2,8 |
| Студент / ученик | 9,4 |
| Пензионер | 19,2 |
| Друго | 8 |
| Одбива да одговори | 0,3 |
| Регион | % |
| Скопски | 29,3 |
| Југоисточен | 8,8 |
| Источен | 8,9 |
| Североисточен | 7,8 |
| Вардарски | 6,8 |
| Југозападен | 10,6 |
| Полошки | 16,9 |
| Пелагониски | 10,9 |
| Симпатизерство кон партии | % |
| ВМРО-ДПМНЕ | 24,0 |
| СДСМ | 24,4 |
| ДУИ | 6,9 |
| Алијанса за Албанците | 2,7 |
| БЕСА | 1,7 |
| Други | 2,5 |
| Неопределени/нема да гласаат | 37,8 |

## ПРОФИЛ НА ИЗДАВАЧОТ

**Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС)** веќе 25 години е значаен актер на граѓанското општество во Македонија и во регионот, заснован на вредности и интереси и нивно застапување и влијание врз општеството. Визијата на МЦМС е мир, хармонија и просперитет на луѓето во Македонија, на Балканот и глобално. МЦМС ја дефинира својата мисија да предводи промени со нови и алтернативни решенија на општествените проблеми.

МЦМС дејствува во секторите на: развој на граѓанско општество, добро владеење (антикорупција), социјална инклузија (вработување, образование, дијалог и културна различност). Од 1993 г. МЦМС спроведе повеќе од 65 програми со реализирани преку 1.600 проекти со вкупен буџет од над 60 милиони евра.

## БЕЛЕШКА ЗА АВТОРОТ

**Александар Кржаловски** е роден во 1969 г. во Скопје. Завршил Електро-технички факултет во Скопје, отсек за компјутерска техника, информатика и автоматика. За време на студиите активен е во три студентски граѓански организации. Во МЦМС се вработува во 1995 година, во програмата за граѓанско општество. Од 1999 година раководи со канцеларијата на МЦМС во Косово, а потоа од 2001 и со програмите за мултикултурен дијалог и соработка, како и со регионалните (балкански) програми. Од 2009 година е член на Одборот на директорите на МЦМС, а од 2011 до денес и прв извршен директор на организацијата. Автор е на повеќе истражувања и публикации, а остварил и неколку мисии за оценка на програми и други организации во Македонија и во странство.

## ПРОДОЛЖИ СО ЧИТАЊЕ

**Спорот за името, април 2018 година**
http://www.mcms.org.mk/images/docs/2018/sporot-za-imeto-2018.pdf

**Поврзани публикации**
http://www.mcms.mk/images/docs/2011/sporot-za-imeto-makedonija-2011.pdf
http://www.mcms.mk/mk/vesti-i-javnost/vesti/1002-stavovi-na-graganite-za-resenie-na-bilateralniot-spor-na-makedonija-so-grcija.html

**Листа на сите публикации на МЦМС**
http://www.mcms.mk/mk/za-nasata-rabota/istrazuvana-i-publikacii/lista-na-istrazuvana-i-publikacii.html

**Препорака како да се референцира**
Кржаловски, А. (2018) **Референдум 2018**, Скопје, МЦМС.
http://mcms.mk/mk/za-nasata-rabota/istrazuvana-i-publikacii/2042-referendum-2018-stavovi-na-javnosta-vo-makedonija.html